Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 66-та седница одржана на ден 21.04.2022 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

Постапката по предметот со број 12-893/1 од 05.02.2020 година, оформен по пријава со наводи за сомневања за незаконитости и неправилности во постапка за вработување на медицински персонал во ЈЗУ Универзитетска клиника за ---------- и ------------ Скопје , **СЕ ЗАПИРА**.

ДКСК утврди, дека согласно со одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување од причина што предметните наводи не се потврдени.

Предметот со број 12-893/1 од 05.02.2020 година да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**Образложение**

Од страна на познат подносител, ------------ -------------- од --------, поднесена е пријава заведена под архивски број 12-893/1 од 05.02.2020 година, по која во ДКСК е оформен предмет, со наводи за сомневања за незаконитости и неправилности во постапката за вработување на медицински персонал во ЈЗУ Универзитетска клиника за ---------- и ------------ Скопје врз основа на Јавен оглас кој бил објавен на 13.01.2020 година па поништен на 16.01.2020 година и повторно објавен на 18.01.2020 година.

Во насока на утврдување на фактичката состојба и проверка на наводите во конкретниот предмет, ДКСК достави барање за прибирање податоци и информации до ЈЗУ Универзитетска клиника за ---------- и ------------ Скопје за да се достави целосна информација за текот на спомената постапка за вработување со прилог документација - Записник од извршеното стручно тестирање на пријавените кандидати, Записник од извршеното интервју со кандидатите и Одлуката за избор на избраните кандидати. Бараниот одговор е доставен и по извршениот увид во целокупната документација со која располага за предметниот случај од страна на ДКСК констатирано е следното:

На ден 17.01.2020 година согласно член 159 од Законот за здравствена заштита бил објавен оглас во два дневни весници Нова Македонија и Коха, за вработување на неопределено време на 10 медицински сестри---------- со ССС и една медицинска-сестра--------- со ВСС. Согласно член 160 од Законот, работоводниот орган формирал Комисија за селекција на здравствен

работник со решение од 22.01.2020 година која ја спровела постапката за селекција на кандидати.

Споменатиот оглас, објавен на 13.01.2020 година, бил поништен заради техничка грешка, по што увидената грешка била поправена со огласот објавен на 17.01.2020 година. По предметниот оглас било постапено во согласност со Законот за вработените во јавен сектор како и Законот за здравствена заштита, поточно член 158, 159, 160 и 161 од Законот за здравствената заштита, каде е точно уредена постапката за вработување на здравствен работник.

Одлуката за избор на кандидати, првостепениот орган ја донел на законит и транспарентен начин, поточно врз основа на тестирање, интервјуирање и ранг листа, а врз основа на претходно утврдени критериуми.

Иако уредно известени, со правна поука, по предметниот оглас немало постапка по жалба, а доколку имало незадоволните кандидати имале право да поднесат жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен. Во конкретниот случај, немало жалби. Во одговорот на ЈЗУ Универзитетска клиника за ----------- и ------------ - Скопје се наведува дека вработените лица преку предметниот јавен оглас се вработени на работните места веќе една година, односно дека одлуката за избор на кандидати е на сила, со оглед на фактот дека постапка по жалба воопшто немало.

Врз основа на сето погоре констатирано, ДКСК утврди дека наводите во доставената пријава не се потврдени по што оцени дека нема елементи за нејзино натамошно постапување во предметиот случај и одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Изработил: Ј.Ц.
Одобрил: Г.Т., член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател,**
**Нури Бајрами**